РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAOEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-859/2
29-07-2025 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр. 12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 20-тата седница одржана на 04.07.2025 година ја донесе следната:

## О Д Л У К А

Пријавата заведена под број 12-859/1 од 25.02.2025 година **СЕ ОТФРЛА** поради тоа што согласно со Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси Државната комисија за спречување на корупцијата нема законски основ за надлежно постапување.

Предметот со број 12-859/1 од 25.02.2025 година да се архивира.

Одлуката во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

До Државната комисија за спречување на корупцијата од страна на непознат подносител, на ден 25.02.2025 година, е поднесена пријава без прилози со наводи за сомневање за нерегуларности при доделување на /// финансиска помош за инклузивно образование, врз основа на која е оформен предмет број 12-859/1 од 25.02.2025 година. Во пријавата подносителот изразува сомневање дека финансиската помош донирана на Република Северна Македонија од даночните обврзници на ///, од која дел била потрошена за проекти за развој на локалните заедници, за децентрализација и за инклузивно образование, не била рамномерно распределена на сите училишта во сите општини во државата во кои има ученици ///. Поради тоа, подносителот на пријавата бара ДКСК да истражи дали има нерегуларности при доделувањето на /// финансиска помош за инклузивно образование.

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

По разгледувањето на пријавата ДКСК констатира дека  станува збор за наводи кои се однесуваат на начинот на распределба и трошење на средства донирани од странски даночни обврзници, што не е предмет на нејзино надлежно постапување и за што се предвидени други механизми на надзор и контрола, поради што оцени дека нема законски основ за надлежно постапување по предметната пријава.

Имајќи го предвид погоре наведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**Заменик – претседател**

**м-р Билјана Каракашова Шулев**

Изготвил: А.Р.М., советник
Контролирал: Ј.Ц., раководител на одделение
Согласен: м-р И.П., раководител на сектор
Одобрил: С.С.М., член на ДКСК

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk